РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-153/2
11.09.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" број 32/20), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

# ОДЛУКА

## за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација за Нацрт- Детален урбанистички план за Урбана единица 7, за Блок 7.2 населба "Странец" во град Валандово помеѓу улиците сервисна 30,сервисна 8, сервисна 33 и сервисна 32, со тех. бр. 81/2023 од август, 2023 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

Член 2

Јавниот повик за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација да биде објавен 15 дена пред започнување на Јавната анкета, во согласност со член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

Член 3

Јавната анкета да трае 30 (триесет) дена од денот објавен во Јавниот повик.

Член 4

Во текот на траењето на Јавната анкета ќе се спроведе Јавна презентација.

Член 5

Планот за време на јавната анкета и јавната презентација, да биде изложен на јавно место и презентиран во електронска форма.

Член 6

Заинтересираните граѓани и правни лица, во предвидениот рок за Јавна анкета може да дадат свои забелешки на АНКЕТНИ ЛИСТОВИ кои може да ги добијат во архивата на Општина Валандово, како и на веб страната на Општина Валандово и на електронскиот систем е-урбанизам.

Член 7

Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Илија Матеев

Контролирал: Горан Дончев

Одобрил: Ѓоко Аврамски

Gjoko Avramski
Digitally signed by Gjoko Avramski
Date: 2023.09.11 08:49:49 +02'00'

Општина Валандово
Градоначалник
Перо Костадинов

Pero Kostadinov
Digitally signed by Pero Kostadinov
Date: 2023.09.11 08:49:30 +02'00'